**Известување за концентрација со која КапВест Партнерс ЛЛП., преку Саксофон Германија БидКо ГмбХ, Минхен, Германија ќе стекна индиректна контрола врз Нидда Герман Топко ГмбХ, Франкфурт на Мајна, Германија**

**(предмет бр. 08-146/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 03.10.2025 година, а дополнето на 09.10.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која КапВест Партнерс ЛЛП., со адреса 100 Пал Мал, Сент Џејмс, Лондон SW1Y 5NQ, преку Саксофон Германија БидКо ГмбХ (*Saxophone Germany BidCo GmbH*) ц/о СЦУР24 Холдинг ГмбХ, Сцхвантхалерстрасе 73, 80336 Минхен, Германија ќе стекне индиректна контрола врз Нидда Герман Топко ГмбХ (*Nidda German Topco GmbH*) ц/о Интертруст (Германија) ГмбХ, Грунебургвег 58-62, 60322 Франкфурт на Мајна, Германија, заедно со нејзините поврзани друштва, Групацијата ШТАДА.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

КапВест Партнерс ЛЛП е фирма со приватен капитал за среден пазар фокусирана на високо отпорни индустрии каде што побарувачката за производот или услугата не е дискрециона. Главните сектори на Кап Вест се основни потрошувачки производи, здравствена заштита и основни услуги.

КапВест инвестира првенствено преку два приватни капитални фондови во бизниси низ Европа и Северна Америка.

КапВест Партнерс ЛЛП и неговите фондови немаат свои зависни друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија. Покрај тоа, ниту едно од контролираните портфолио друштва на КапВест Партнерс ЛЛП нема зависни друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија.

Контролираното портфолио друштво на КапВест Партнерс ЛЛП генерираше промет во Северна Македонија преку прекугранична продажба.

Групацијата ШТАДА е активна во фармацевтската индустрија со локално присуство на сите големи европски пазари, како и на растечките пазари во регионот на Блискиот Исток и Северна Африка, Азија и Австралија.

Нуди портфолио на разновидни производи за голем број на терапевтски области, фокусирајќи се на трите деловни сегменти:

- Здравствена заштита на потрошувачите (лекови без рецепт со регулаторен статус како лекови без рецепт (анг. *"over the counter" (OTC)*) или медицински уреди, козмецевтика и козметика, витамини, минерали и суплементи);
- Генерички лекови (лекови на рецепт кои се продаваат под меѓународно непатентирано име); и
- Специјалност (брендирани генерики, специјални генерики, биосимилари и иновативни третмани за ретки болести).

Групацијата ШТАДА има подружница во Северна Македонија – Хемофарм Комерц д.о.о. Таа е во мнозинска сопственост (99%) на српското поврзано друштво, Хемофарм а.д. Хемофарм а.д., исто така, има претставништво во Северна Македонија кое се занимава со промотивни активности.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар за фармацевтски производи во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

14.10.2025 година

Скопје